**Ernst & Young Certified Auditors** Ltd - Skopje
Zeleznicka Street No.41/1, Business
Enterprise Centre, 5th Floor
1000 Skopje,
Republic of North Macedonia

Tel: (+389 2) 311 33 10
www.ey.com

# ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

## До содружникот на Порше Брокер АД Скопје

## Извештај за финансиските извештаи

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на Порше Брокер АД Скопје ("Друштвото") кои што ги сочинуваат извештајот за финансиска состојба на Друштвото на 31 декември 2024 година и извештајот за сеопфатна добивка, извештајот за промените на капиталот, извештајот на паричните текови за годината која што завршува тогаш и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки информации.

## Одговорност на раководството за финансиските извештаи

Раководството е одговорно за подготвувањето и објективното презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Северна Македонија, и интерна контрола којашто раководството смета дека е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали се резултат на измама или грешка.

## Одговорност на ревизорот

Нашата одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија прифатени во Република Северна Македонија и објавени во Службен весник бр. 79 на 11 јуни 2010 година. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршуваме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релеватна за подготувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи на ентитетот за да обликува ревизорски постапки кои што се соодветни на околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на ентитетот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на раководството, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

**Мислење**

Според нашето мислење, финансиските извештаи објективно ја презентираат, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Друштвото на 31 декември 2024 година како и финансиската успешност и паричните текови на Друштвото за годината што завршува тогаш во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Северна Македонија.

**Извештај за други правни и регулаторни барања**

Раководството, исто така, е одговорно за подготовка на годишниот извештај за работење во согласност со член 384 од Законот за трговски друштва. Наша одговорност во согласност со Законот за ревизија е да известиме дали годишниот извештај за работење е конзистентен со годишната сметка и ревидираните финансиските извештаи на Друштвото за годината што завршува на 31 декември 2024 година. Нашите постапки во врска со годишниот извештај за работење се извршени во согласност со МСР 720 прифатен во Република Северна Македонија и објавен во Службен весник бр. 79 на 11 јуни 2010 година и се однесуваат само на оценка дали историските финансиски информации во годишниот извештај за работењето се конзистентни со годишната сметка и ревидираните финансиските извештаи на Друштвото.

Годишниот извештај за работење е конзистентен, во сите материјални аспекти, со годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи на Друштвото за годината што завршува на 31 декември 2024 година.

Владимир Соколовски
Управител

ЕРНСТ И ЈАНГ -ОВЛАСТЕНИ РЕВИЗОРИ ДОО СКОПЈЕ

Владимир Соколовски
Овластен ревизор

Ернст и Јанг Овластени Ревизори ДОО

Скопје, 12 март 2025 година

**ПОРШЕ БРОКЕР АД СКОПЈЕ**

Финансиски извештаи за годината која завршува на 31 декември 2024 година

# Извештај за сеопфатна добивка

| во денари | Белешка | 2024 | 2023 |
|---|---|---|---|
| Приходи од посредување во осигурување | 5 | 25,134,775 | 20,904,504 |
| Останати приходи | 5 | 67,982 | - |
| **Вкупно оперативни приходи** | | **25,202,757** | **20,904,504** |
| Трошоци за услуги | 6 | (1,116,220) | (1,004,382) |
| Трошоци за вработените | 7 | (3,542,189) | (3,275,158) |
| Депрецијација и амортизација | 11,12 | (2,850) | (101,734) |
| Останати трошоци од работењето | 8 | (7,474,566) | (5,751,873) |
| **Вкупно оперативни расходи** | | **(12,135,825)** | **(10,133,147)** |
| **Добивка од оперативно работење** | | **13,066,932** | **10,771,357** |
| Приходи/(расходи) од финансирање, нето | 9 | (2,982) | (3,162) |
| **Добивка пред оданочување** | | **13,063,950** | **10,768,195** |
| Данок на добивка | 10 | (1,637,750) | (1,125,706) |
| **Добивка за периодот** | | **11,426,200** | **9,642,489** |
| **Останата сеопфатна добивка** | | | |
| **Вкупна сеопфатна добивка за годината** | | **11,426,200** | **9,642,489** |

# Извештај за финансиската состојба

| во денари | Белешка | 2024 | На 31 декември 2023 |
|---|---|---|---|
| **Средства** | | | |
| *Нетековни средства* | | | |
| Опрема | 11 | 65,132 | - |
| Нематеријални средства | 12 | - | - |
| **Вкупно нетековни средства** | | **65,132** | - |
| *Тековни средства* | | | |
| Парични средства и парични еквиваленти | 13 | 20,569,372 | 18,634,133 |
| Побарувања од купувачи и останати побарувања | 14 | 4,118,726 | 2,836,890 |
| **Вкупно тековни средства** | | **24,688,098** | **21,471,023** |
| **Вкупно средства** | | **24,753,230** | **21,471,023** |
| **Капитал и обврски** | | | |
| **Капитал** | | | |
| Основачки капитал | 15 | 4,624,155 | 4,624,155 |
| Резерви | | 462,415 | 462,415 |
| Акумулирана добивка | | 17,835,485 | 15,264,565 |
| ***Вкупно капитал*** | | **22,922,055** | **20,351,135** |
| **Обврски** | | | |
| *Долгорочни обврски* | | | |
| Обврски за данок на добивка | 16 | 319,283 | - |
| *Краткорочни обврски* | | | |
| Обврски за данок на добивка | 16 | 275,447 | 246,777 |
| Обврски кон добавувачи и останати обврски | 16 | 1,236,445 | 873,111 |
| **Вкупно обврски** | | **1,831,175** | **1,119,888** |
| **Вкупно капитал и обврски** | | **24,753,230** | **21,471,023** |

Овие финансиски извештаи беа одобрени од страна на Раководството на Друштвото на 12.03.2025 година и се потпишани во негово име од:

Дејан Павловиќ

Силвана Тричковиќ

Маја Давчевска

Билјана Радуловска Николова

Овластен сметководител

# Извештај за паричните текови

| во денари | Белешка | 2024 | 2023 |
|---|---|---|---|
| **Парични текови од деловни активности** | | | |
| Добивка пред оданочување | | 13,063,950 | 10,768,195 |
| Усогласување за: | | | |
| Депрецијација и амортизација | | 2,850 | 101,734 |
| Отписи и отуѓувања | | - | 381,281 |
| **Добивка од деловно работење пред промени во работниот капитал** | | **13,066,799** | **11,251,210** |
| *Промени во работниот капитал:* | | | |
| Промена на побарувања од купувачи и останати побарувања | | (1,281,836) | 239,175 |
| Обврски кон добавувачи | | 363,334 | 80,171 |
| **Парични средства од оперативни активности** | | **12,148,297** | **11,570,556** |
| Платен данок на добивка | | (1,289,796) | (1,105,186) |
| **Нето Парични средства од оперативни активности** | | **10,858,501** | **10,465,370** |
| **Парични текови од инвестициски активности** | | | |
| Набавка на недвижности, постројки и опрема и нематеријални средства | 12 | (67,982) | - |
| **Нето парични средства искористени за инвестициски активности** | | **(67,982)** | **-** |
| **Парични средства од финансиски активности** | | | |
| Исплата на дивиденда | | (8,855,280) | (5,534,388) |
| **Нето Парични средства (употребени во) финансиски активности** | | **(8,855,280)** | **(5,534,388)** |
| **Нето промена на паричните средства** | | **1,935,239** | **4,930,982** |
| **Парични средства на почетокот на периодот** | | 18,634,133 | 13,703,151 |
| **Парични средства на крајот на периодот** | 13 | **20,569,372** | **18,634,133** |

**ПОРШЕ БРОКЕР АД СКОПЈЕ**

Финансиски извештаи за годината која завршува на 31 декември 2024 година

# Извештај за промените во капиталот

| во денари | *Основачки Капитал* | *Резерви* | *Задржана Добивка* | *Вкупно* |
|---|---|---|---|---|
| **На 1 јануари 2024 година** | **4,624,155** | **462,415** | **15,264,565** | **20,351,135** |
| Исплата на дивиденда | - | - | (8,855,280) | (8,855,280) |
| **Трансакции со сопствениците** | **-** | **-** | **(8,855,280)** | **(8,855,280)** |
| Добивка за годината | - | - | 11,426,200 | 11,426,200 |
| Останата сеопфатна добивка | - | - | - | - |
| **Вкупна сеопфатна добивка** | **-** | **-** | **11,426,200** | **11,426,200** |
| **На 31 декември 2024 година** | **4,624,155** | **462,415** | **17,835,485** | **22,922,055** |
| | | | | |
| **На 1 јануари 2023 година** | **4,624,155** | **462,415** | **11,156,464** | **16,243,034** |
| Исплата на дивиденда | - | - | (5,534,388) | (5,534,388) |
| **Трансакции со сопствениците** | **-** | **-** | **(5,534,388)** | **(5,534,388)** |
| Добивка за годината | - | - | 9,642,489 | 9,642,489 |
| Останата сеопфатна добивка | - | - | - | - |
| **Вкупна сеопфатна добивка** | **-** | **-** | **9,642,489** | **9,642,489** |
| **На 31 декември 2023 година** | **4,624,155** | **462,415** | **15,264,565** | **20,351,135** |

# Белешки кон финансиските извештаи

## 1. Општи информации

Порше Брокер АД („Друштвото“) е Акционерско Друштво за вршење на осигурително брокерски работи регистрирано и со седиште во Република Северна Македонија на Ул. Босна и Херцеговина бр. 3, 1000 Скопје.

Друштвото е основано со основна главнина поделена на 75 (седумдесет и пет) обични редовни акции од ист род со номинална вредност од 1.000 (илјада) ЕВРА во денарска противвредност од 61.500 МКД.

Основната дејност на Друштвото се Дејности на застапници во осигурувањето и осигурителни посредници. Општата клаузула за бизнис е врз основа на Решение број УП 19-1-436 од 24.09.2015 година од Агенцијата за супервизија на осигурување за издавање дозвола за вршење на осигурително брокерски работи. Вкупниот број на вработени во Друштвото на 31 декември 2024 година изнесува 3 (три) (2023: 3 вработени).

Директорите и членовите на Управниот одбор на Друштвото во текот на финансиската 2024 година и во моментот на изготвувањето на овој извештај се:

- Извршен член на одборот на директори е Маја Давчевска
- Неизвршни членови на одборот на директори се: Дејан Павловиќ и Силвана Тричковиќ.
- Управител е Маја Давчевска.

## 2. Сметководствени политики

Во продолжение се дадени основните сметководствени политики употребени при изготвување на овие финансиски извештаи.

### 2.1 Основа за подготовка

Финансиските извештаи се изготвени во согласност со Сметководствените стандарди прифатени во Република Северна Македонија, објавени во Правилникот за водење сметководство во Службен Весник на Република Северна Македонија.

Финансиските извештаи се подготвени според историски вредности. Финансиските извештаи се подготвени врз пресметковна основа и според принципот на континуитет.

Подготовката на овие финансиски извештаи во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Северна Македонија бара употреба на одредени критични сметководствени проценки. Таа исто така бара раководството на Друштвото да употребува свои проценки во процесот на примена на сметководствените политики. Подрачјата што вклучуваат повисок степен на проценка или комплексност, или подрачја во кои претпоставките и проценките се значајни за финансиските извештаи, се обелоденети во Белешка 4: Сметководствени проценки и расудувања. Податоците се изразени во денари, освен доколку не е поинаку наведено.